PRESPA ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE

ЦЕНАТА НА ЗАОСТАНУВАЊЕТО

Северна Македонија и пакетот за проширување
за 2026 година



ЦЕНАТА НА ЗАОСТАНУВАЊЕТО

Северна Македонија и пакетот за проширување за 2026 година

Анализа на политиките

Издавач: **Институт ПРЕСПА – Скопје**

За издавачот: **Андреја Стојковски, извршен директор**

Автор: **Андреја Стојковски, Институт ПРЕСПА**

Дизајн и уредување: **Бригада Дизајн дооел**

Скопје, ноември 2026 година

Содржина

1. Брисел се подготвува за проширување 4

2. Разоткривање на слабостите 5

Целосно усогласени надвор, но, со слаб надзор дома 5

Нови закони, малку резултати 6

Слободата на медиумите стагнира, додека меѓуетничките односи не се подобруваат 8

3. Ќе траат ли откако ќе се штиклираат? 9

4. Четири потврди за забавувањето 11

5. Претворање на реформите во преговарачки придобивки 13

Врсници што напредуваат побргу 13

Промена во односите со Брисел 15

6. Визија за државност, визија за иднината 16

Преглед на резултати за пристапувањето во 2026 година 17

Кластер 1 – Основи 17

Кластер 2 – Внатрешен пазар 17

Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст 18

Кластер 4 – Зелена агенда и одржлива поврзаност 18

Кластер 5 – Ресурси, земјоделство и кохезија 19

Кластер 6 – Надворешни односи

Извори и методолошка белешка 20

Цената на заостанувањето

Северна Македонија и пакетот за проширување за 2026 година

1. Брисел се подготвува за проширување

Пакетот за проширување на Европската комисија за 2026 година беше објавен на 4 ноември, по Комуникацијата од октомври – **Подготвување за поширока унија**. Двата документа се занимаваат со различни аспекти од процесот на пристапување. Комуникацијата од октомври прашува како Унијата треба да ги прилагоди своите политики, буџетот и одлучувањето за и по приемот на нови држави-членки. Ноемвриският пакет утврдува како секоја од државите-кандидатки се подготвува за пристапувањето, каде реформите не успеваат и кои би биле следните чекори во преговорите. Заедно, тие го прават проширувањето практично прашање за ЕУ и нејзините партнери.

Покрај стандардната Стратегија за проширување и Извештаите за државите, односно информативните листи, овој годишен пакет за проширување воведе индикативни патокази за пристапување за *Црна Гора* , *Албанија* , *Молдова* и *Украина* . *Црна Гора* е во најнапредна позиција. До денот на објавувањето, таа *привремено затвори 21 од 33 поглавја*, во тек е изготвувањето на договорот за пристапување, а Комисијата гледа можност да *ги заврши преговорите до крајот на 2026 година и да го потпише договорот во 2027 година* доколку се завршат преостанатите чекори и државите-членки се согласат. *Албанија* ги отвори сите кластери и *привремено затвори четири поглавја* до октомвриската конференција за пристапување. *Молдова* и *Украина* отворија *по четири кластери*. Комисијата смета дека и двете *се подготвени да ги отворат преостанатите кластери*. **Патоказите утврдуваат низа можни одредници**. Секој формален чекор сè уште зависи од соодветните услови и одлуки на земјите-членки.

На презентацијата во Брисел на 4 ноември, високата претставничка на ЕУ, **Каја Калас**, ги нарече Црна Гора, Албанија, Молдова и Украина „фаворити за членство"[1]. комесарката за проширување, **Марта Кос**, посебно го истакна високото ниво на усогласеност на Северна Македонија со законодавството на ЕУ, истовремено повикувајќи на поголем напредок во борбата против корупцијата и јавната администрација и поврзувајќи ја следната фаза на преговори со уставните амандмани[2]. *Нивните изјави го разликуваат напредокот во пристапните преговори од техничката подготвеност* и од неодамнешното исполнување на Реформската агенда што Комисијата го препознава во случајот со Северна Македонија.

Другите шест партнери се во различни фази. *Србија* има отворени поглавја, но нејзиниот *процес е во голема мера заглавен*. *Северна Македонија* формално ги започна преговорите во 2022 година и го заврши скринингот, но *сè уште не го отворила својот прв кластер*. *Босна и Херцеговина* има *одлука на Европскиот совет за отворање преговори* и сè уште се соочува со одредени чекори пред суштинските преговори. *Косово* аплицираше за членство, а *Комисијата е подготвена да изготви мислење* доколку Советот побара такво. Формално отворените преговори *со Турција остануваат во застој*, додека процесот на пристапување *на Грузија е ефективно запрен* .

Патоказите го менуваат начинот на кој Комисијата комуницира со најнапредните партнери. Годишниот извештај се осврнува наназад и ја оценува реализацијата. Патоказот

1 https://ec.europa.eu/commission/presscorner/detail/de/speech_26_2344

2 Исто 1

утврдува што можат да сработат владата и ЕУ во текот на следната година. За држава со отворени кластери, таа дава чувство на предвидливост на процесот, а воедно создава основа за организирање преговори и идентификување на одлуките што државите-членки ќе треба да ги усвојат. За **Северна Македонија**, отсуството на патоказ го одразува нејзиното место во преговарачкиот процес. Нејзината непосредна задача е да создаде услови прво за отворање на првиот кластер, додека четирите држави за кои веќе постојат патокази, веќе можат да планираат околу подоцнежните одредници.

Комисијата, исто така, предлага **поструктурирана постепена интеграција пред членството** , вклучително и во *енергетиката* , *транспортот* , *дигиталната политика* и *одбраната* . **Северна Македонија** може да продолжи да соработува со ЕУ преку постојните инструменти. Усвојувањето на уставните амандмани би го отворило патот за следната фаза од пристапувањето и би ѝдало на државата повеќе можности да соработува со институциите на ЕУ и државите-членки, да го усогласи своето законодавство со правото на ЕУ и да ги примени тие правила во практиката. **Доколку ЕУ ги поврзува новите мерки за постепена интеграција со напредокот во пристапните преговори, заглавените уставни амандмани ќе го ограничат пристапот на Северна Македонија до таквата можност.**

Во групата на фаворити и оние кои заостануваат, Северна Македонија одржува значителна база на техничка подготвеност, а Комисијата ги признава неодамнешните резултати во рамките на Планот за раст и Реформската агенда. Сепак, нејзиното темпо на реформи и нејзината преговарачка позиција се послаби. Обврската за уставни измени е централна за следниот формален чекор. Извештајот, исто така, посочува на пречки што Владата и Парламентот можат да ги решат сега, особено во однос демократското владеење, судството и борбата против корупцијата.

2. Разоткривање на слабостите

Целосно усогласени надвор, но, со слаб надзор дома

Најпозитивната оценка на Извештајот за *Северна Македонија* е поврзана со нејзиното *одржување на целосна усогласеност* со **надворешната и безбедносната политика на ЕУ**. Државата, исто така, постигнала *добар напредок* во **дигиталната трансформација и истражувањето**, *го усвоила Патоказот* за **реформа на јавната администрација** и *презела законодавни чекори* во однос на **судството**. Комисијата ги опишува **демократските институции** како *генерално стабилни*, а **просторот за работа на граѓанското општество** како *генерално овозможувачка средина*. Овие наоди се важни бидејќи покажуваат дека институциите можат или веќе постигнале резултати. Сепак, негативните наоди имаат поголема тежина во оценката за пристапувањето. Тие се однесуваат на ***како институциите владеат, независноста на оние што ги надгледуваат и можноста граѓаните да ги повикаат на одговорност.***

Во извештајот се вели дека **Парламентот** *„повторно не успеа да го усвои својот годишен план“*. ***Поларизацијата*** продолжува да ги одложува реформските закони и назначувањата, постигнувањето договор за законите што бараат квалификувано мнозинство и натаму е тешко, а употребата на скратена постапка за ново законодавство се зголеми. **Меѓупартискиот консензус или договор** за назначувањата, вклучувајќи го тука Народниот правобранител и членовите на Државната изборна комисија, покажува дека соработката е можна. Комисијата, исто така, утврди дека **локалните избори** нудат избор, меѓутоа, препораките во однос на изборниот процес кои се повторуваат долги години, како и слабостите во надзорот на изборната кампања останаа. Овие наоди зборуваат за **Парламент спосо-**

бен повремено да постигне договор, но се бори да ја организира работата и да обезбеди одржливост на надзорот и реформите.

Премиерот ***Христијан Мицкоски*** понуди попозитивно толкување кога амбасадорот на ЕУ, ***Михалис Рокас***, му го презентираше извештајот во Скопје на 5 ноември. „Имаме подобар извештај од минатата година“,[3]рече тој. Притоа, посочи на *подобрената подготовка во две поглавја* и го повтори своето *противење на условувањето на интеграцијата во ЕУ со билатерални прашања*. ***ДУИ***, зборувајќи од опозицијата, го нарече извештајот еден од *најзагрижувачките во последните години* и ги издвои спроведувањето на *правата за користење на албанскиот јазик и правичната застапеност*. Реалноста е дека Извештајот дава основа и за дискусија за напредокот или постигнувањата во поединечните поглавја, но и за преиспитување на нерешените институционални проблеми. Неговата проценка на меѓуетничката стабилност, исто така, дава контекст за спецификата на проблемите што ги покренаа од ДУИ.

Извештајот утврдува дека организациската структура за интеграција во ЕУ е воспоставена, но, во текот на извештајниот период не се изготвени извештаи за следење на спроведувањето на **Националниот план за усвојување на правото на ЕУ**. Тоа е *практичен јаз во одговорноста*. Планот за имплементација треба да им овозможи на Парламентот и на јавноста да следат, во реално време, *кои обврски се исполнети*, *кои доцнат* и *која институција е одговорна за тоа*. Без известување, формалните обврски се потешки за проценка, а одложените мерки се полесни за спроведување.

Постои важна разлика што ја прави извештајот, онаа помеѓу **стабилноста на извршната власт** и нејзиниот **демократски перформанс**. *Стабилна владина коалиција* им дава време и простор на министерствата да дизајнираат и спроведат реформи. Од друга страна, *Парламент кој добро функционира*, способен да ја планира својата работа, да ги разгледува поднесените нацрт-закони и да врши назначувања според транспарентни процедури, одредува како таа стабилност се претвора во одговорна влада. Кога законите рутински се движат низ скратена постапка, практичната загуба е времето во кое собраниските комисиите, засегнатите групи и независните експерти можат да ги анализираат предлозите и да идентификуваат слабости. Реформскиот чекор може да биде спроведен според планираното, *оставајќи ги институциите за* неговото спроведување со нејасни правила или нерешени спорови. Затоа **анализата на постапувањето е составен дел на проценката на квалитетот на реформите.**

Реформата на јавната администрација ја илустрира *нерамномерноста* на годината. Комисијата бележи одреден напредок , вклучувајќи проширени електронски услуги и управување со документи. Исто така, таа укажува на сериозни недостатоци во новиот Законот за висока раководна служба, вклучувајќи го составот на одборот за селекција, методите за регрутирање и објективните критериуми за отпуштање. Утврдените **недостатоци во новиот закон се ново нарушување, од 2026 година**. Основниот проблем со заштитата на принципот на залуги во јавната администрација е долгогодишен. Оваа разлика е важна кога се проценува дали законодавството во текот на годината го подобрило начинот на кој функционира државата.

Нови закони, малку резултати

Едно од двете *најзначајни поглавја* од правото на ЕУ, **Поглавјето 23,** е местото каде што Комисијата констатира *ограничен напредок*. Во рамките на поглавјето, таа констатира *одреден напредок* во **функционирањето на судството**. Оваа оценка е конзистентна. Држа-

3 https://vlada.mk/mk-MK/odnosi-so-javnost/pres-konferencii/mickoski-evropskata-komisija-potvrdi-nema-nazaduvanje-tuku-napredok-ovoj-izvestaj-e-podobar-od-lanskiot

вата усвои нов **Закон за Судскиот совет** кој во голема мера ги опфаќа препораките на Венецијанската комисија, заедно со законодавството за **Советот на јавни обвинители, платите на судиите и обвинителите и граѓанската постапка**. Во исто време, Комисијата утврдува дека немало *напредок* во **спречувањето и борба против корупцијата**. Ваквата оценка од страна на ЕУ е оправдана, ако се имаат предвид извештаите за **влијанија од другите власти** и сериозен **недостиг на пари и персонал** што продолжува да ја поткопува судската независност и финансиската автономија. **Претстојната година ќе биде тест** дали новите закони ќе донесат промени во начинот на кој се вршат назначувањата и однесувањето на вклучените институции, како и дали се пополнуваат упразнетите места и дали судовите и обвинителите можат независно да ги вршат своите овластувања во пракса.

Проценката на Комисијата е директна: „Корупцијата останува распространета и е прашање од сериозна загриженост".[4] **Корупцијата на високо ниво** останува најсериозниот тест за државата. Постапките продолжуваат да се одложуваат, а случаите често застаруваат. **Измените на Кривичниот законик од јануари 2026 година** не ги решија соодветно негативните ефекти од измените од 2023 година и *придонесоа за правна несигурност*. Точно, слабеењето на правната рамка и лошите резултати од минатите случаи се проблеми што се повторуваат во сите извештаи од измените на Кривичниот законик од 2023 година. Сепак, точна е проценката дека обидот во јануари за поправка на рамката бил несоодветен, што ја прави директна последица од постапките на сегашните власти.

Извештајот дава *бројки за финансирањето*, кои се јасен показател за јазот помеѓу институционалните обврски и ресурсите. Според Комисијата, судовите добиле буџет од **0,29% од БДП во 2026 година**, што е **далеку под законскиот минимум од 0,8%** и **пониско од алокацијата од претходната година**. Јавното обвинителство добило 0,24% од БДП во споредба со законски утврдените 0,4%. Значењето на овој недостаток е практично. Новото **законодавство може да постави повисоки стандарди** за обработка на предмети и назначувања, меѓутоа **буџетите за вработување и работа одредуваат дали судовите можат да ги спроведат**. Финансиската автономија зависи и од тоа како се подготвуваат и администрираат буџетите. Поголемите расходи треба да одат заедно со транспарентно буџетирање и одговорност за користењето на ресурсите.

Овие наоди имаат *последици и надвор од судниците*. **Истрага што трае со години и завршува без одлука, прави малку за да ја спречи злоупотребата или да го врати имотот стекнат со криминал**. Соодветен **доказ за подобрување** би биле листа од *навремено преземени истраги и гонења*, конечни *пресуди* и *враќање на имотот*, заедно со *транспарентни* и *правични постапки*. Извештајот дава на Владата основа да дејствува врз основа на ресурсите и законодавството, притоа зачувувајќи ја независноста на институциите што одлучуваат за поединечните случаи.

Кластерот Основи е *во центарот на пристапувањето*. Се отвора прв и се затвора последен, а **напредокот во него го одредува темпото на преговорите**. Опфаќа јавни набавки, статистика, судство и темелни права, правда и безбедност и финансиска контрола, но исто така и демократски институции, јавна администрација и економските критериуми. За да се усогласи со неговата важност и со оценката на Комисијата, треба да додадеме дека во 2026 година *не е регистриран напредок во* **јавните набавки**. Овој недостаток, во комбинација со слабата функционалност на Собранието и недостатокот на судска независност, се претвора во недостаток на способност за надзор врз Владата. Поглавјето за **јавни набавки** нуди и втор пример за тоа како да се толкува оценката. Уделот на **тендерите со една понуда** беше **33,9% во 2025 година**, а критериумот што го зема предвид **квалитетот заедно со цената беше применет само во 6% од договорите за јавни набавки**. Двете бројки мерат различни аспекти на системот. ***Една понуда ја ограничува конкуренцијата што е***

4 https://enlargement.ec.europa.eu/enlargement-policy/strategy-and-reports_en

видлива за договорниот орган. Потпирањето на н***ајниската цена го ограничува опсегот за мерење на квалитетот и долгорочните трошоци***. Заедно со оценката на Комисијата дека нема напредок, тие укажуваат на потребата да се анализира дизајнот и резултатите од тендерите, како и законите и процедурите според кои тие се издаваат.

Слободата на медиумите стагнира, додека меѓуетничките односи не се подобруваат

Во резимето на Комисијата се вели дека Северна Македонија „не постигнала никаков напредок во оваа област"[5] во однос на **слободата на изразување и слободата на медиумите.** Во извештајот се признаваат чекорите кон усогласување со Европскиот закон за слобода на медиумите, а воедно се идентификуваат *постојани проблеми со финансирањето и автономијата кај аудиовизуелниот регулатор и јавниот радиодифузен сервис*. Извештајот забележал ***40 тужби за навреда и клевета*** *во 2025 година, в кои се вклучени новинари*, во споредба со *15 во 2024 година*. Ова е зголемување на пријавените тужби во кои се вклучени новинари, а заедно со заканите, вознемирувањето и јазот кој постои во заштитата од злонамерни тужби заслужува внимателно да се испита. Независноста на медиумите и безбедноста на новинарите веќе беа загриженост во претходни извештаи. Зголемувањето **на пријавените тужби додава специфичен развој на тој воспоставен модел.**

Во граѓанското општество, Советот на Владата, за соработка со и развој на граѓанското општество беше реактивиран и усвои работна програма. Комисијата одделно бара да се **зајакне учеството на граѓанското општество во Националниот совет за европска интеграција** и во **Советот за партнерство за отворена влада**. Оваа разлика е важна. *Рестартирањето на еден формален канал за дијалог е позитивен чекор. Меѓутоа, ефективното учество бара навремено објавување на предлозите, пристап до телата каде што се дискутираат приоритетите за пристапување и институционален одговор на предлозите*. Извештајот утврдува ***нееднаквост кај консултациите, слаба одговорност*** и ***ограничено, непредвидливо финансирање***, а документира и ***заплашувања, вознемирувања*** и ***црни кампањи***. Ваквите докази само ја поддржуваат споредбата на тоа како функционираат механизмите, но не даваат основа за припишување мотиви на владата или опозицијата.

Комисијата ги опишува **меѓуетничките односи** како стабилни и известува за континуирано спроведување на **Охридскиот рамковен договор**. Исто така, забележува дека предложениот Закон за соодветна и правична застапеност останува во постапка по поништувањето на балансерот, поради натамошното отсуство на договор за потребното *Бадентерово мнозинство*. Дебатата за полагање на ***правосудниот испит*** на албански јазик илустрира практично прашање за *пристапот до служба и јазичните права*. Односите со повеќето соседи останале конструктивни, додека Комисијата повикува на опипливи резултати и добронамерно спроведување на постојните договори со Бугарија и Грција.

Односот со Унијата е веќе значаен во економска смисла. Во извештајот е забележано дека **ЕУ откупила 76% од извозот на стоки од Северна Македонија во 2025 година и обезбедила 47% од увозот на стоки**. Таа изложеност му дава на усогласувањето на законодавството непосредна домашна оправданост. Подобрувањето на надзорот на производите, конкуренцијата и набавките може да го промени начинот на кој фирмите тргуваат и како се трошат јавните пари дури и кога преговорите остануваат блокирани. Деталните наоди на истиот **извештај во овие поглавја покажуваат зошто на политичките и техничките страни на процесот им е потребно внимание во исто време**.

Обврската за вклучување во Уставот на граѓаните кои се дел од други народи, како што се Бугарите, останува проблем. Усвојувањето на амандманите би го исполнило преостанати-


5 Исто 4


од услов за *следната меѓувладина конференција* според Рамката за преговори од 2022 година. Отворањето на **кластерот Основи**, исто така, бара соодветни **одредници за отворање на преговорите**, вклучително и работа на *патоказите за реформа на јавна администрација и за владеење на правото*, како и на *Акцискиот план за малцинствата*. Меѓутоа, усвојувањето на амандманите би ја отстранило утврдената процедурална пречка. Тоа би им дало можност на властите да демонстрираат суштинска посветеност на спроведувањето на останатите задачи низ поглавјата од кластерот.

3. Ќе траат ли откако ќе се штиклираат?


Планот за раст им дава можности на партнерите од Западен Балкан да *се интегрираат во единствениот пазар на ЕУ пред членството*, *да ги продлабочат регионалните економски врски* и *да ги унапредат домашните реформи*. Неговите **6 милијарди евра** од *Механизмот за реформи и раст за 2024–2027 година* ги поврзуваат грантовите и концесиските заеми со договорените квантитативни и квалитативни чекори. Описот на Комисијата за **Северна Македонија** како *еден од најдобрите изведувачи на Механизмот* е добредојдено признание за фокусот и напорот зад неодамнешното остварување. Таа проценка се однесува на остварувањето во рамките на специфичен инструмент. ***Графиконот 1*** го става во перспектива со споредување на кумулативното планирање и остварување низ целиот регион, додека во Графикон 2 е претставен уделот во вкупното остварување.

На прес-конференцијата во Скопје, амбасадорот на ЕУ, ***Михалис Рокас***, го поздрави нивото на подготовка на Северна Македонија и нејзината усогласеност со надворешната политика






на ЕУ. Тој, исто така, го издвои *напредокот во реформската агенда од поширокиот евиденција за реформи* , истакнувајќи ја корупцијата, судството и потребата од зајакнување на институциите. Оваа разлика го става позитивното толкување на пакетот од страна на владата во контекст. Постигнувањето на потврдена пресвртница може да ослободи финансирање. **Она што е важно за пристапувањето е дали тие реформи се одржливи и го менуваат начинот на кој институциите вршат надзор и ги спроведуваат правилата во пракса.**



Северна Македонија исполнила *22 од 136 чекори од агендата* или *16,2%*. **Црна Гора** исполнила *36 од 130*, а **Албанија** *32 од 143*. Обете држави водат по апсолутен број и по удел во сите чекори. Ослободувањето на средствата од страна на Комисијата, на 20 мај 2026 година, им дава на трите држави заедничка споредба преку третиот круг на плаќање, кој ги опфати реформите пријавени до декември 2025 година. **Северна Македонија** доби *142,1 милиони евра*, или *18,9%* од нејзината алокација од 750,4 милиони евра. Албанија доби поголем апсолутен износ и удел. Црна Гора доби помалку евра, но поголем удел од нејзината помала алокација. Поголемото номинално ослободување на Србија претставува помал удел од нејзината сопствена алокација. ***Графиконот 3*** го става во перспектива ова споредување на индикативната алокација и ослободената алокација за финансирање на регионот, додека во ***Графиконот 4*** е претставен уделот од вкупно ослободените средства.

Одлуката на Комисијата од мај оваа година ја призна Северна Македонија и нејзините мерки за финансирање на училиштата и дигиталната инфраструктура и опрема во училиштата. Наведеното ослободување на средства покажува дека Комисијата ги прифатила сите применливи услови. Сепак, трајните промени ќе бидат видливи само преку доследна примена на правилата за финансирање, дистрибуцијата и користењето на опремата и капацитетот на училиштата да ја одржуваат. Истата логика ќе важи и за законите, патоказите и институционалните аранжмани. Нивното усвојување може да покаже дека некоја одредница е исполнета, но промените во институционалната пракса бараат докази и евидентиран долгорочен успех. Бројките на инструментот покажуваат напредок што вреди да се признае, но кумулативното водство останува за Црна Гора и Албанија.

Удел на искористени средства



4. Четири потврди за забавувањето

Реформската агенда покажува кои обврски ги исполнила државата. Извештаите ги стават тие достигнувања во долгорочна перспектива. Читани заедно, четирите извештаи покажуваат *каде годишните реформски напори се претвориле во поголема подготвеност за членство во ЕУ*, *каде придобивките се акумулираат бавно* и *каде претходниот напредок е вратен наназад*. Споредбата следи по две одделни проценки поглавје по поглавје. Првата е нивото на подготовка во времето на секој извештај. Втората е напредокот забележан од претходниот извештај. Главната лонгитудинална споредба ги користи извештаите од 2023, 2024, 2025 и 2026 година, додека извештајот од 2022 година дава претходна референца за долгогодишните проблеми. ***Табелата 1*** ги става годините во колони, а поглавјата во редови, групирани по преговарачки кластери за да го претстави нивото на подготовка во првиот дел, додека годишниот напредок е даден во вториот дел. Подготовката го опишува нивото постигнато во текот на годините, додека годишниот напредок опишува што се променило во рамките на извештајниот период. Разликата објаснува зошто едно поглавје може да биде добро подготвено, а сепак да не регистрира напредок во дадена година.

Низ 33-те оценети поглавја, непондерираната **средна вредност на подготовката се движи нагоре** од ***3,03 во 2023 година*** на ***3,09 во 2024 година***, ***3,11 во 2025 година*** и ***3,14 во 2026 година***. Годишниот напредок флуктуира на ***1,42 во 2023 година***, 1,33 во 2024 година, 1,42 во 2025 година и 1,36 во 2026 година. Скромниот пораст на подготовката доаѓа од промените во неколку поглавја. **Дигиталната трансформација и медиумите** се зголемуваат од 3,0 на 3,5 и достигнуваат добар годишен напредок во 2026 година. **Образованието и културата**, исто така, се движат од 3,0 на 3,5 во 2026 година. **Слободното движење на капиталот** се движи на 3,5 во 2025 година и останува таму во 2026 година. Овие придобивки се видливи низ матрицата. Тие коегзистираат со долги периоди на исто ниво на подготовка на други места.

Поглавјето 23 останува *помеѓу одредена и умерена подготовка* во сите четири извештаи, со годишни оценки кои се менуваат *помеѓу никаков напредок и ограничен напредок*. Во **Поглавјето 24**, државата останува *умерено подготвена*, додека годишниот напредок се движи од *одреден напредок во 2023 и 2024 година до ограничен во 2025 и 2026 година*. **Јавните набавки** се движат од *ограничен напредок до никаков напредок во 2026 година*. Низ петте оценети поглавја **за кластерот Основи, годишниот просек паѓа од 1,60 во 2023 година на 1,00 во 2026 година**. Овие промени се позначајни за преговорите отколку зголемувањето на средната вредност на подготовката во сите поглавја.

Внатрешниот пазар, исто така, покажува трајни празнини. **Слободното движење на стоки** *не бележи напредок* во три последователни извештаи од 2024 година. **Правото на трговски друштва** одржува *добра подготовка*, но не бележи *напредок* во сите четири циклуси. **Слободното движење на работници** останува *во рана фаза*, иако 2026 година носи *ограничен напредок* со донесувањето на законот за сезонски работници. **Животната средина и климатските промени** остануваат на *одредено ниво на подготовка* и *ограничен напредок* во текот на серијата. Целокупниот модел покажува **селективно подобрување во рамките на генерално стабилна подготовка**, со послабо годишно темпо во поглавјата што се најважни за отворање и одржување на преговорите.

Годишниот резултат за напредокот е проценка за периодот на известување. ***Низата*** ограничени оценки *за напредокот* може да одразуваат реални, но ***постепени промени***, при што оценката за подготовка останува во истата категорија сè додека промените не се акумулираат до повисоко ниво на подготвеност. Исто така, *пониската годишна* оценка за напредокот може да сигнализира дека ***реформите се забавиле*** без ***влошување*** на *нивото на подготовка*. Оваа разлика е од суштинско значење за толкување на 2026 година. Подато-

ците покажуваат **послаб моментум во кластерот Основи** и **изолирани заостанувања** во годишниот напредок **на други места**, заедно со подобрувања во области како што е дигиталната политика. Тие ја поддржуваат констатацијата за **неуднаква испорака и релативна стагнација** во клучните области. Наодите на Комисијата ја одредуваат и експлицитноста на јазикот на извештајот.

КЛАСТЕР			НИВО НА ПОДГОТОВКА					ГОДИШЕН НАПРЕДОК			
	Поглавје	Наслов на поглавјето	2023	2024	2025	2026		2023	2024	2025	2026
Основи	**23**	**Судство и темелни права**	2,5	2,5	2,5	2,5		0	1	0	1
	24	Правда, слобода и безбедност	3	3	3	3		2	2	1	1
	5	Јавни набавки	3	3	3	3		1	1	1	0
	18	Статистика	3	3,5	3,5	3,5		3	2	2	2
	32	Финансиска контрола	3	3	3	3		2	1	2	1
Внатрешен пазар	**1**	**Слободно движење на стоки**	3	3	3	3		1	0	0	0
	2	Слобода на движење за работници	1	1	1	1		0	0	0	1
	3	Право на основање и слобода на обезбедување услуги	3	3	3	3		1	1	1	0
	4	Слободно движење на капиталот	3	3	3,5	3,5		3	1	3	2
	6	Право на трговски друштва	4	4	4	4		0	0	0	0
	7	Право на интелектуална сопственост	3	3	3	3		0	0	0	1
	8	Политика за конкуренција	3	3	3	3		0	0	0	1
	9	Финансиски услуги	3	3	3	3		2	2	2	2
	28	Заштита на потрошувачите и здравјето	3	3	3	3		2	1	2	0
Конкурентност и инклузивен раст	**10**	**Дигитална трансформација и медиуми**	3	3	3	3,5		1	1	2	3
	16	Оданочување	3	3	3	3		2	1	1	1
	17	Економска и монетарна политика	3,5	3,5	3,5	3,5		2	2	2	2
	19	Социјална политика и вработување	3	3	3	3		2	2	2	2
	20	Претпријатија и индустриска политика	3	3,5	3,5	3,5		2	2	0	2
	25	Наука и истражување	4	4	4	4		2	2	3	3
	26	Образование и култура	3	3	3	3,5		1	1	1	2
	29	Царинска унија	4	4	4	4		1	1	3	2


Зелена агенда и одржлива поврзаност	**14**	**Транспортна политика**	3	3	3	3		1	2	2	2
	15	Енергија	3	3	3	3		2	2	2	2
	21	Трансевропски мрежи	4	4	4	4		1	1	1	1
	27	Животна средина и климатски промени	2	2	2	2		1	1	1	1
Ресурси, земјоделство и кохезија	**11**	**Земјоделство и рурален развој**	3	3	3	3		2	3	2	1
	12	Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика	4	4	4	4		2	2	2	1
	13	Рибарство и аквакултура	3	3	3	3		2	3	2	2
	22	Регионална политика и координација на структурни инструменти	3	3	3	3		0	1	1	1
	33	Финансиски и буџетски одредби	1	1	1	1		1	1	1	1
Надворешни односи	**30**	**Надворешни односи**	3	4	4	4		2	1	2	1
	31	Надворешна, безбедносна и одбранбена политика	4	4	4	4		3	3	3	3

5. Претворањенареформитевопреговарачкипридобивки


Врсници што напредуваат побргу

Северна Македонија има просек ***од 3,14*** во *подготовка низ оценетите поглавја*, ***израмнувајќи се со Србија***, *а* ***зад Црна Гора со 3,98 и Албанија со 3,32*** . Според *годишниот напредок*, таа е на **петто место**, со ***1,36***. Објективно, ***Црна Гора и Албанија се движат побрзо во повисоките нивоа*** на подготовка. ***Молдова и Украина се движат побрзо во пониските нивоа***. **Сите четири го надминуваат годишниот просек на напредок на Северна Македонија во секој кластер**. Затоа, одлуката на Комисијата да издаде индикативни патокази за четирите држави е одраз на нивниот преговарачки успех, како и на нивните реформски перформанси. ***Графиконот 5*** нуди преглед на кандидатите и нивните средни оценки за нивото на подготовка, додека ***Графиконот 6*** преглед на постигнатиот годишен напредок.

Албанија нуди *најјасна споредба*. Двете држави ги одржаа своите први меѓувладини конференции во јули 2022 година. Албанија, меѓутоа, го отвори својот прв кластер во октомври 2024 година, а *до октомври 2026 година ги отвори сите шест и привремено затвори четири поглавја*. Комисијата го идентифи-



кува **постигнувањето на привремените одредници за владеење на правото** како дел од тој напредок, истовремено повикувајќи на одржлива имплементација и инклузивен политички дијалог. *Иако просекот на подготовка на Северна Македонија останува релативно близок до оној на Албанија, растојанието во преговарачките одредници сега е значително*. Во меѓувреме, **Црна Гора** *подготвува договор за пристапување и би можел да го потпише во 2027 година* ако се исполнат преостанатите услови.



Молдова и **Украина** веќе *се поместија пред Северна Македонија во отворањето на кластери*. *Просекот за подготовка на Молдова од 2,85 е поблиску до оној на Северна Македонија отколку до оној на Украина од 2,50*. Нивните годишни средни вредности за напредок од ***2,79*** и ***2,06***, соодветно, ***ги надминуваат оние на Северна Македонија***. Комисијата идентификува усогласување на законодавството и напредок во однос на одредниците за владеење на правото во **Молдова** , како и континуирани секторски реформи и широко ефикасни специјализирани институции за борба против корупцијата во **Украина** и покрај војната со Русија. Исто така, ја повикува Украина да ја забрза работата на своите привремени одредници. Доколку обете страни одржат **побрза имплементација** , тие **можат да го намалат преостанатиот јаз во подготовката**, а воедно да акумулираат искуство во активните преговори. Оценките за 2026 година ја утврдуваат насоката на тековната споредба, а идните рангирања зависат од реализацијата на сите три држави.

Контрастот е особено јасен во кластерот **Основи**. *Просекот на подготовка на Молдова* за петте оценети поглавја е ***2,50***, под *оној на Северна Македонија* ***3,00***, додека нејзиниот *годишен просек на напредок* од **2,80** е многу подобар од оној на *Северна Македонија* од ***1,00***. Бројките опишуваат значителна разлика во годишните оценки. Она што е важно е дека *Комисијата го поврзува напредокот на Молдова со работата на привремените одредници* во рамките на отворените преговори. **Северна Македонија акумулира подготовки,** *но нејзиниот резултат од 2026 година* во независноста на судството, спроведувањето на законите и јавните набавки ***покажува зошто таа подготовка сè уште не се претвора во споредливо преговарачко придвижување***.

Врската на Србија со Северна Македонија во однос на подготовката *крие различни профили*. Нејзиниот ***годишен просек е 0,97***, а Комисијата опишува сериозни загриженост во врска со демократијата, судството и основните права. **Политичката транзиција ѝдава шанса на новата влада** да ја преориентира политиката. **Доколку ги исполни** основите, усогласувањето на надворешната политика и своите обврски во дијалогот олеснет од ЕУ, **таа веќе има отворени поглавја преку кои може да продолжи со суштинската работа**. Побрзиот напредок на Србија е веројатен ризик за Северна Македонија доколку таа остане на прагот на својот прв кластер. ***Табелата 2*** го прикажува нивото на подготовка и годишниот напредок на секоја од државите-партнери преку нивната средна вредност.

	НИВО НА ПОДГОТОВКА · 1 до 5						ГОДИШЕН НАПРЕДОК · -1 до 4					
Земја	**C1**	**C2**	**C3**	**C4**	**C5**	**C6**	**C1**	**C2**	**C3**	**C4**	**C5**	**C6**
Северна Македонија	**3.0**	**2.9**	**3,5**	**3.0**	**2.8**	**4.0**	**1.0**	**0,8**	**2.1**	**1,5**	**1.2**	**2.0**
Црна Гора	4.0	4.1	4.1	3.8	3.6	4,5	2.8	3.1	3.1	3,5	3.0	3.0
Албанија	3.3	3.2	3.7	3.2	2.8	4.0	2.4	2.0	2.6	2.2	2.0	3.0
Молдова	2,5	2.8	3.1	2.8	2.6	3.8	2.8	2.6	3.0	2,5	2.8	3,5
Украина	2.3	2.2	2.9	2,5	2.0	4.0	2.0	1.6	2.6	2.2	1,8	2,5
Србија	2.9	3.3	3.4	3.2	2.6	3.0	1.0	1.1	0,8	1,5	1.2	-0,5
Турција	2.8	3.1	3.0	3.2	2.4	2,5	0,6	0,8	1.4	1,5	0,6	1.0
Косово*	2.0	2.4	2.2	1,8	1,8	2.0	1.2	1.0	0,9	0,5	0,8	2.0
Грузија	1.9	2.1	2.7	1,8	1,5	2.8	0,2	0,4	0,5	1.2	0,6	-0,5
Босна и Херцеговина	1,8	1.9	1,5	1.6	1.2	2.0	0,6	0,6	0,5	0,2	0,0	1.0

Промена во односите со Брисел

Босна и Херцеговина, Косово, Грузија и **Турција** илустрираат зошто *оценките за поглавјата и статусот на преговорите треба да се читаат одделно*. Комисијата известува *за зголемено повлекување* во **Босна и Херцеговина** и повикува на обновено спроведување на реформите по изборите. Институционалната криза на **Косово** *ги одложи реформите*, а нивното барање за членство сè уште чека барање од Советот за мислење од Комисијата. Во **Турција** и **Грузија**, постојната техничка подготовка во поединечните поглавја коегзистира со *застој или ефективно запирање* поврзано со поширок политички и демократски услови. Нумеричките табели ги задржуваат оценките пријавени за овие партнери, а неоценетите поглавја ги оставаат ќелиите празни.

Односот *со ЕУ исто така се менува како што напредуваат преговорите*. ***Отвореният кластер им дава*** на службениците и институциите редовна *рамка за дискусија за законодавството, договарање на одредници*, испитување на имплементацијата и решавање на проблемите во поединечните сектори. ***Привременото затворање поглавја*** и изготвувањето на договор за пристапување **ја поместуваат дискусијата кон условите за членство**. **Северна Македонија останува ангажирана** преку своите аранжмани за асоцијација, усогласување на надворешната политика и Планот за раст. **Некои од другите држави додаваат уште еден слој** на институционален контакт преку преговарачките конференции и одлуките за специфични области на политиката.

Во рамките на Западен Балкан, ***Северна Македонија*** *,* ***Босна и Херцеговина*** *и* ***Косово*** *се трите партнери* ***без суштински преговори за поглавја или кластери****, иако тие достигнале различни формални фази на подготовка.* ***Доколку Босна и Херцеговина премине во суштински преговори*** додека Северна Македонија остане блокирана, ***Северна Македонија и Косово би биле единствените два партнери од Западен Балкан надвор од таа фаза.*** Тоа е условно сценарио. Напредокот на Албанија од октомври 2024 година покажува колку брзо може да се промени споредбата откако партнерот ќе почне да отвора кластери.

Резултатите од кластерите објаснуваат зошто ***тежината на Северна Македонија оди подалеку од секвенционирањето***. Нејзиниот годишен просек во кластерот Основи од 1,00 не се споредува со 2,80 за Црна Гора и Молдова, 2,40 за Албанија и 2,00 за Украина. **Од друга страна, подобриот перформанс во конкурентност и инклузивен раст, односно во**

надворешните односи илустрираат вистинска предност. *Наодите на Комисијата* за Парламентот, независноста на судството, корупцијата, медиумите и јавната администрација *идентификуваат каде тие предности сè уште не се преточени во поширок реформски успех*. Читани заедно, табелите во поглавјата и наративот покажуваат земја со подготовка за надградба, но со помалку движење во областите, во изминатиот период, што најверојатно ќе го одреди нејзиниот следен преговарачки чекор.

6. Визија за државност, визија за иднината

С**еверна Македонија има ниво на подготовка врз кое може да се надоградува**, но четирите циклуси на известување покажуваат колку *малку од таа подготовка се претворила во одржлив моментум*, особено во **Кластерот Основи**. **Реформската агенда** покажува дека *институциите можат да ги донесат договорените мерки*, додека извештаите откриваат постојани слабости во независноста на судството, борбата против корупцијата и демократскиот надзор. Во меѓувреме, другите кандидатки отвораат кластери и затвораат поглавја. ***Колку подолго Северна Македонија останува на истиот преговарачки праг, толку повеќе можности имаат останатите држави да соработуваат со Унијата во практичните процеси на интеграција.***

Визија за државност *значи преземање одговорност за обврските што државата ги презела и зајакнување на институциите што им служат на сите нејзини граѓани*. ***Визија за иднината*** *значи пристапување кон членството во ЕУ со самодоверба за користење на процесот на пристапување за спроведување на реформите што ѝ се потребни на Северна Македонија, потврдување на македонскиот национален идентитет и зајакнување на местото на македонскиот јазик во Европа*. Тоа е случајот со усвојувањето на уставните амандмани. **Владата треба да достави јасен текст пред Собранието**, *да им објасни на граѓаните што би променило тоа* ***и да побара широка поддршка*** за вклучување на граѓаните кои се дел од други народи, вклучително и Бугарите, во Уставот. Ова е прашање од **национален интерес** и **највисок стратешки приоритет**. Усвојувањето би го исполнило преостанатиот услов за следната меѓувладина конференција според рамката од 2022 година и ефективно би ѝ овозможило на државата да го продолжи својот процес на пристапување.

Отворањето на кластерот Основи, исто така, бара исполнување на релевантните **критериуми за отворање**. Работата на тие критериуми треба да **напредува паралелно со парламентарниот процес**. ***Владата*** може да објави *што останува да се направи за секој критериум*, да ја идентификува одговорната институција и да постави распоред за следната одлука. Може *да ги назначи потребните судии и обвинители, да ги пополни празните места преку процедури засновани на заслуги и да ги спроведе новите судски закони* во пракса со гаранции за независност. *Во врска со корупцијата, треба да ги реши празнините во Кривичниот законик и да извести за тоа дали случаите на високо ниво достигнуваат конечни одлуки и водат до враќање на средствата*. ***Парламентот*** треба внимателно да ја испита таа евиденција и *да му даде на граѓанското општество значајна можност да придонесе* пред да се донесат законите.

Истиот **тест за имплементација важи и за Планот за раст**. ***Владата*** треба да објави кои мерки се *потврдени, кои треба да се спроведат* и кои докази покажуваат дека функционираат *во пракса*. На пример, во јавните набавки, треба да се следи употребата на електронски аукции во однос на договорената цел и да се покаже како институциите ги следат црвените знамиња на Бирото за јавни набавки. До следниот циклус на известување, **граѓаните треба да можат да проценат што испорачала владата**, каде потфрлила и кој е одговорен за следниот чекор.

Преглед на резултати за пристапувањето во 2026 година

Кластер 1 – Основи

	ПОДГОТВЕНОСТ | 1 до 5						ГОДИШЕН НАПРЕДОК | -1 до 4					
Партнер	**5**	**18**	**23**	**24**	**32**	**Средно**	**5**	**18**	**23**	**24**	**32**	**Средно**
Црна Гора	4	4	4	4	4	**4**	2	3	3	3	3	**2.8**
Албанија	3,5	3	3,5	3,5	3	**3.3**	2	2	3	3	2	**2.4**
Северна Македонија	**3**	**3,5**	**2,5**	**3**	**3**	**3**	**0**	**2**	**1**	**1**	**1**	**1**
Србија	3	4	2	2,5	3	**2.9**	0	3	0	1	1	**1**
Турција	3	3	1	3	4	**2.8**	0	2	-1	2	0	**0,6**
Молдова	2,5	2	2,5	3	2,5	**2,5**	3	2	3	3	3	**2.8**
Украина	2,5	2	2,5	2,5	2	**2.3**	2	2	2	2	2	**2**
Косово	2,5	2	1,5	2	2	**2**	1	2	1	2	0	**1.2**
Грузија	2	2	1,5	2	2	**1.9**	1	1	-1	0	0	**0,2**
Босна и Херцеговина	2	1	2	2	2	**1,8**	0	1	0	1	1	**0,6**

Кластер 2 – Внатрешен пазар

	ПОДГОТВЕНОСТ | 1 до 5										ГОДИШЕН НАПРЕДОК | -1 до 4									
Партнер	**1**	**2**	**3**	**4**	**6**	**7**	**8**	**9**	**28**	**Средно**	**1**	**2**	**3**	**4**	**6**	**7**	**8**	**9**	**28**	**Средно**
Црна Гора	4	3,5	4	4	4,5	5	4	4	4	**4.11**	4	3	2	2	2	4	4	4	3	**3.11**
Албанија	2,5	3	3	4	4	4	2,5	4	1,5	**3.17**	0	2	2	3	3	3	1	2	2	**2**
Северна Македонија	**3**	**1**	**3**	**3,5**	**4**	**3**	**3**	**3**	**3**	**2,94**	**0**	**1**	**0**	**2**	**0**	**1**	**1**	**2**	**0**	**0,78**
Србија	3	3	3	3,5	4	4	3	3	3	**3,28**	2	1	1	1	0	1	2	1	1	**1.11**
Турција	4	1	1	3	5	4	2	4	4	**3.11**	2	1	0	2	0	0	0	1	1	**0,78**
Молдова	3	2,5	3	3,5	2,5	3,5	2,5	2,5	2,5	**2,83**	3	3	3	1	2	2	3	3	3	**2,56**
Украина	3,5	1	2	2,5	2	2	2	2,5	2,5	**2.22**	3	1	1	1	1	1	1	3	2	**1,56**
Косово	2,5	2	3	3	2	3	2	3	1	**2,39**	0	0	1	3	1	1	0	2	1	**1**
Грузија	2	1	3	3	2	2	1,5	2	2	**2.06**	1	0	0	1	0	1	0	1	0	**0,44**
Босна и Херцеговина	1	2	1	3	2	3	2	2,5	1	**1,94**	0	0	0	1	1	2	0	0	1	**0,56**

Кластер 3 – Конкурентност и инклузивен раст

	ПОДГОТВЕНОСТ | 1 до 5									ГОДИШЕН НАПРЕДОК | -1 до 4								
Партнер	**10**	**16**	**17**	**19**	**20**	**25**	**26**	**29**	**Средно**	**10**	**16**	**17**	**19**	**20**	**25**	**26**	**29**	**Средно**
Црна Гора	4	4	4	4	4,5	4	4	4	**4.06**	2	3	4	3	4	3	3	3	**3.12**
Албанија	4	3	4	3	4	3,5	4	4	**3,69**	3	2	3	1	3	3	3	3	**2,62**
Северна Македонија	**3,5**	**3**	**3,5**	**3**	**3,5**	**4**	**3,5**	**4**	**3,5**	**3**	**1**	**2**	**2**	**2**	**3**	**2**	**2**	**2.12**
Србија	3	3,5	3,5	3	3	4	3,5	4	**3,44**	2	1	1	0	1	0	-1	2	**0,75**
Турција	2	3	2	2	3	5	3	4	**3**	2	0	3	1	1	3	1	0	**1,38**
Молдова	3	2	2,5	3	3	3,5	3,5	4	**3.06**	3	3	3	3	3	3	3	3	**3**
Украина	4	2,5	3	1	2,5	3	3	4	**2,88**	3	3	2	2	2	3	3	3	**2,62**
Косово	2	2	3	2	3	1	2	3	**2,25**	0	1	1	1	1	0	1	2	**0,88**
Грузија	2	2,5	3	2	3	3	3	3	**2,69**	0	1	1	0	0	1	0	1	**0,5**
Босна и Херцеговина	1	2	1	2	1	2	1	2	**1,5**	0	0	1	0	1	0	0	2	**0,5**

Кластер 4 – Зелена агенда и одржлива поврзаност

	ПОДГОТВЕНОСТ | 1 до 5					ГОДИШЕН НАПРЕДОК | -1 до 4				
Партнер	**14**	**15**	**21**	**27**	**Средно**	**14**	**15**	**21**	**27**	**Средно**
Црна Гора	4	4	4	3	**3,75**	4	4	3	3	**3,5**
Албанија	3	4	4	2	**3,25**	2	3	3	1	**2,25**
Северна Македонија	**3**	**3**	**4**	**2**	**3**	**2**	**2**	**1**	**1**	**1,5**
Србија	4	3	3,5	2,5	**3,25**	1	2	1	2	**1,5**
Турција	3	3	5	2	**3,25**	1	1	2	2	**1,5**
Молдова	2,5	4	2,5	2	**2,75**	2	3	2	3	**2,5**
Украина	2	4	2	2	**2,5**	2	3	2	2	**2,25**
Косово	2	2	2	1	**1,75**	1	1	0	0	**0,5**
Грузија	2	2	2	1	**1,75**	2	0	2	1	**1,25**
Босна и Херцеговина	2	1	2	1,5	**1,62**	0	0	1	0	**0,25**

Кластер 5 – Ресурси, земјоделство и кохезија

	ПОДГОТВЕНОСТ | 1 до 5						ГОДИШЕН НАПРЕДОК | -1 до 4					
Партнер	**11**	**12**	**13**	**22**	**33**	**Средно**	**11**	**12**	**13**	**22**	**33**	**Средно**
Црна Гора	3,5	3,5	4	4	3	**3.6**	3	3	3	3	3	**3**
Албанија	2,5	2,5	4	3	2	**2.8**	2	2	2	2	2	**2**
Северна Македонија	**3**	**4**	**3**	**3**	**1**	**2.8**	**1**	**1**	**2**	**1**	**1**	**1.2**
Србија	2	3	3	3	2	**2.6**	1	1	1	2	1	**1.2**
Турција	2	2	3	3	2	**2.4**	1	0	2	0	0	**0,6**
Молдова	2	3	3,5	3	1,5	**2.6**	3	3	3	3	2	**2.8**
Украина	2	3	2	2	1	**2**	3	2	2	1	1	**1,8**
Косово	2	3	1	1		**1,75**	0	0	1	2		**0,75**
Грузија	1	2	2	1,5	1	**1,5**	1	1	1	0	0	**0,6**
Босна и Херцеговина	1	2	1	1	1	**1.2**	0	0	0	0	0	**0**

Кластер 6 – Надворешни односи

	ПОДГОТВЕНОСТ | 1 до 5			ГОДИШЕН НАПРЕДОК | -1 до 4		
Партнер	**30**	**31**	**Средно**	**30**	**31**	**Средно**
Црна Гора	4	5	**4,5**	2	4	**3**
Албанија	4	4	**4**	3	3	**3**
Северна Македонија	**4**	**4**	**4**	**1**	**3**	**2**
Србија	3	3	**3**	-1	0	**-0,5**
Турција	3	2	**2,5**	1	1	**1**
Молдова	3,5	4	**3,75**	3	4	**3,5**
Украина	4	4	**4**	1	4	**2,5**
Косово	2	2	**2**	2		**2**
Грузија	3	2,5	**2,75**	0	-1	**-0,5**
Босна и Херцеговина	2	2	**2**	0	2	**1**

Извори и методолошка белешка

[1] Соопштение за политиката за проширување на ЕУ до 2026 година и индикативни патокази

[2] Подготовка за поширока унија, октомври 2026 година

[3] Конференции за пристапување на Советот од 12 и 13 октомври 2026 година

[4] Извештаи и пакет на држави од Европската комисија за 2026 година

[5] Извештаи за Северна Македонија од 2022 до 2025 година, во архивата на Комисијата

[6] Преглед на Советот за процесот на пристапување на Северна Македонија

[7] Правила и табела со резултати на Механизмот за реформи и раст

[8] Соопштение за финансирање од Комисијата од 20 мај 2026 година

[9] Бројки за распределба на Комисијата

[10] Забелешки на EEAS од Каја Калас и Марта Кос , Брисел, 4 ноември 2026 година

[11] Влада - Прес-конференција Премиерот Мицковски

Како да ги прочитате резултатите

Подготвеност и годишен напредок. Анализата ги користи извештаите на Европската комисија за државите од 2026 година за споредба на кандидатите и нејзините извештаи за 2023–2026 година за следење на промените во Северна Македонија. Подготвеноста го опишува нивото достигнато во времето на проценката. Годишниот напредок опишува што се променило во текот на периодот на известување. Државата може да постигне напредок во рамките на едно поглавје, а воедно да остане на исто ниво на подготвеност.

Кодирање и просеци. Подготвеноста е кодирана од 1 до 5: рана фаза, одредено ниво на подготовка, умерено подготвена, добро ниво на подготовка и добро напредна. Полу-поените претставуваат средни проценки на подготвеноста. Годишниот напредок е кодиран од -1 до 4: назадување, никаков напредок, ограничен напредок, одреден напредок, добар напредок и многу добар напредок. Секој просек дава еднаква тежина на поглавјата со достапна оценка. Цртичка или празно место значи дека немало достапна споредлива оценка и е исклучено од просекот. Нула значи дека нема напредок и е вклучено. Овие просеци се пресметуваат за оваа анализа од квалитативните проценки на Комисијата. Малите разлики треба да се толкуваат заедно со наодите од извештаите за земјите и формалните преговарачки пресвртници.

Реформската агенда и планот за раст. Уделот на потврдени чекори ги користи сите договорени чекори како именител и го покажува кумулативниот резултат. Проценката дали партнерот е во согласност со распоредот бара споредување на потврдените чекори со оние што треба да се исполнат до заедничкиот граничник. Уделот на ослободени средства ја користи индикативната алокација како именител. Ослободувањата можат да вклучуваат претходно финансирање, а поединечните пресвртници можат да носат различни финансиски тежини, така што уделот на финансирањето и уделот на потврдените чекори мерат различни аспекти на испораката.

ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE

